*Број: 02 - 17835/2*
*28.12.2010 година*
*С к о п ј е*

***ЗАПИСНИК***
***од XCI -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на на 03.12.2010 година со почеток во 10.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Ирфан Хоџа, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *Кристина Христова, ВД директор на секторот за фармација (делумно присутна);*

- *Виолета Петровска, директор на секторот за контрола (делумно присутна);*
- *Јасмина Смилевска, раководител на одделението за склучување на договори со здравствени установи (делумно присутна);*
- *Ана Петрова, раководител на одделението за контрола (делумно присутна);*
- *Снежана Китанчева Бузалкова, раководител на одделението за внатрешна контрола (делумно присутна);*
- *Вера Митровска, републички внатрешен контролор (делумно присутна);*
- *Благој Дончев, раководител на одделението за хардвер и системски софтвер (делумно присутен);*
- *Саша Иванов, шеф на одделот за контрола на установи од специјалистичко – консултативната здравствена заштита (делумно присутен);*
- *Игор Неловски, шеф на одделот за контрола на установи од болничката здравствена заштита (делумно присутен);*
- *Владимир Димковски, раководител на одделението за план и анализа (делумно присутен);*
- *Бранислава Катушевска, раководител на одделението за буџетска координација и преговарање (делумно присутна);*
- *Славица Костовска, самостоен стручен соработник за буџетирање, план и анализа (делумно присутен);*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Седницата ја отвори и водеше претседателот Елена Трпковска. Утврди дека на седницата се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, по што го изложи претходно доставениот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д***

1. *Ликвидност на ФЗОМ;*
2. *Информација за спроведувањето на антикризните мерки;*
3. *Информација за извршени контроли на здравствени установи во местата кои се утврдени како оддалечени рурални места и Информација за финансиските ефекти од плаќањето на привилегирана капитација на здравствените установи во местата кои се утврдени како оддалечени рурални места - Финансиска анализа на руралноста;*
4. *Одлука за утврдување на критериуми за утврдување на оддалечени рурални места;*
5. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на*

*здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита;*

6. *Одлука за утврдување на референтни цени на пакети на услуги во примарната здравствена заштита;*
7. *Одлука за утврдување на референтни цени за специјалистички пакети;*
8. *Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко – консултативната здравствена заштита и на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко – консултативната здравствена заштита;*
9. *Правилник за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;*
10. *Информација за реализацијата на месечниот износ на средства на аптеките;*
11. *Информација за поднесените забелешки на Одлуката за утврдување на предлог референтни цени на лекови од 21 октомври 2010 година;*
12. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година, и усвојување на индексот по вид и обем за јавните здравствени установи за вториот квартал на годината;*
13. *Издавање на факсимили на лекари од Стоматолошкиот клинички центар Свети Пантелејмон кои се на специјализација;*
14. *Информација за намирување на досудени судски трошоци од тужители поранешни вработени во Фондот;*
15. *Барања од областа на работните односи;*
16. *Предлог за изменување на одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надометок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на лабораториските испитувања во специјалистичко – консултативната здравствена заштита за четвртиот квартал на 2010 година;*
17. *Предлог за изменување на одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Клиничка болница Систина од Скопје за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија;*
18. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар;*
19. *Барање од осигуреникот Виолета Ицковска;*
20. *Предмет за лекување во странство за Бафтијари Бејтула;*
21. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

22. Правилник за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;
23. Презентација за воведување на терцијар во купувањето на здравствени услуги;
24. Правилник за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита;
25. Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивната и итната медицинска помош, специјалистичко – консултативната здравствена заштита и болничката здравствена заштита;
26. Годишни финансиски буџети на сите јавни здравствени установи заради трезорот;
27. Анализа за реализацијата на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари-септември 2010 год;
28. Разно.

Потоа наведе дека од Фондот е побарано од дневниот ред да се симнат точките:

2. Информација за спроведувањето на антикризните мерки;
4. Одлука за утврдување на критериуми за утврдување на оддалечени рурални места;
5. Правилник за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита;
6.Одлука за утврдување на референтни цени на пакети на услуги во примарната здравствена заштита;
11. Информација за поднесените забелешки на Одлуката за утврдување на предлог референтни цени на лекови од 21 октомври 2010 година;
13.Издавање на факсимили на лекари од Стоматолошкиот клинички центар Свети Пантелејмон кои се на специјализација;

14.Информација за намирување на досудени судски трошоци од тужители поранешни вработени во Фондот;

15.Барања од областа на работните односи;
19.Барање од осигуреникот Виолета Ицковска;
20.Предмет за лекување во странство за Бафтијари Бејтула;

*24.Правилник за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита;*
*25.Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивната и итната медицинска помош, специјалистичко – консултативната здравствена заштита и болничката здравствена заштита;*
*26.Годишни финансиски буџети на сите јавни здравствени установи заради трезорот; и*
*27.Анализа за реализацијата на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари-септември 2010 год.*

*Страшо Наумоски побара Управниот одбор да го разгледа и предлогот за изменување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија заради промена на режимот на издавање на три лека со би се надминале одредени проблеми со кои се соочуваат матичните лекари.*

*Управниот одбор ги прифати предлозите, по што едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Ликвидност на ФЗОМ;*
2. *Информација за извршени контроли на здравствени установи во местата кои се утврдени како оддалечени рурални места и Информација за финансиските ефекти од плаќањето на привилегирана капитација на здравствените установи во местата кои се утврдени како оддалечени рурални места - Финансиска анализа на руралноста;*
3. *Одлука за утврдување на референтни цени за специјалистички пакети;*
4. *Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко – консултативната здравствена заштита и на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко – консултативната здравствена заштита;*
5. *Правилник за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;*
6. *Информација за реализацијата на месечниот износ на средства на аптеките;*
7. *Усвојување на индексот по вид и обем за јавните здравствени установи за вториот квартал на годината и донесување на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните*

*здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*

8. *Предлог за изменување на одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надометок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на лабораториските испитувања во специјалистичко – консултативната здравствена заштита за четвртиот квартал на 2010 година;*
9. *Предлог за изменување на одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Клиничка болница Систина од Скопје за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија;*
10. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар;*
11. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
12. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
13. *Презентација за воведување на терцијар во купувањето на здравствени услуги;*
14. *Одлука за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
15. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

*ТОЧКА 1 - Ликвидност на ФЗОМ*

*Во рамките на оваа точка од дневниот ред директорката Парнарџиева – Змејкова го запозна Управниот одбор дека во месецот ноември приходите се повторно на пониско ниво од проектираното. Овој тренд на крајот на годината ќе резултира со 1,2 милијарди денари помал годишен приход на Фондот од проектираниот.*

*ТОЧКА 2 - Информација за извршени контроли на здравствени установи во местата кои се утврдени како оддалечени рурални места и Информација за финансиските ефекти од плаќањето на привилегирана капитација на здравствените установи во местата кои се утврдени како оддалечени рурални места - Финансиска анализа на руралноста*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова потсети на најавата од минатата седница за овој материјал, и повторно истакна дека контролите на амбулантите во руралните места на кои Фондот им плаќа привилегирана капитација покажаа дека за многу мал број осигуреници се плаќа многу. Односно, Фондот плаќа двапати за осигурените лица во руралните места, еднаш на руралниот лекар кого не го избрале и втор пат на избраниот лекар во градот преку капитација.*

*Потоа Саша Иванов го запозна Управниот одбор со работата на работната група на Фондот и ги презентира двете информации во кои детално се изнесени констатираните негативни состојби и предлозите на Фондот за нивно надминување. На крајот истакна дека како неопходност се наметнува ревидирањето на важечката одлука за утврдување на оддалечени рурални места, и тоа врз основа на претходно утврдени критериуми. Заради утврдување на критериуми, работната група изготви предлог одлука.*

*По ова излагање се разви дискусија, во која членовите на Управниот одбор ги изнесуваа своите согледувања за зголемувањето на бројот на руралните места со неколку измени на одлуката во изминатите години, и поставуваа прашања до стручната служба за правната основа за прогласување на рурални места. Во дискусијата се искристализира ставот дека ниту Законот за здравственото осигурување ниту правилниците за начинот на плаќањето во примарната здравствена заштита и примарната стоматолошка здравствена заштита, не даваат основа за утврдување на критериуми за утврдување на оддалечени рурални места па Управниот одбор донесе*

***Заклучок:***

- *Министерството за здравство да се извести за состојбата со здравствените установи во руралните места.*
- *На Министерството да му се укаже на потребата критериумите за утврдување на рурални места и финансиската стимулација на здравствените установи во руралните места на соодветен начин да се уредат во Законот за здравственото осигурување.*
- *Да се укаже на можноста согласно Законот за здравствената заштита, Министерството за здравство да донесе посебна програма за стимулација на работењето на здравствените установи од примарната здравствена заштита во руралните места. Во таков случај, Фондот би продолжил да финансира по капитација, а Министерството согласно својата стратегија за покриеност на населението со здравствена заштита, преку програма би доделувало стимулација за докторите кои работат во руралните места.*

*Со тоа заврши расправата по точката 2 на дневниот ред.*

*Потоа, поради неодложни обврски седницата ја напушти Горан Коевски а Управниот одбор продолжи да работи со кворум од четири члена.*

**ТОЧКА 3** - *Одлука за утврдување на референтни цени за специјалистички пакети*

*Во рамките на оваа точка од дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе*

**Одлука**
**за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски**

*со која се бришат 10 пакети, од кои еден општ (заеднички) и 9 интернистички пакети за услуги од пулмологијата, а се додаваат нови 11 респираторни пакети и 9 алерголошки пакети во кои се вклучени и услугите од бришаните 9 интернистички пакети за услуги од пулмологијата.*

**ТОЧКА 4** - *Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко – консултативната здравствена заштита и на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко – консултативната здравствена заштита*

*Бранислава Катушевска објасни дека се предлага дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко – консултативната здравствена заштита заради утврдување на референтна цена за услугата Цитогенетска анализа на клетки од плодова вода или хорионски ресички со кариограм.*

*Предлогот за Игор Неловски го објасни предлогот за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко – консултативната здравствена заштита. Наведе дека досега била утврдена ценатa само за алтернативната процедура на трансваскуларни перкутани срцеви интервенции, а со предложеното дополнување ќе се утврди цена и за процедурата при која се вградува еден вид протеза за проширување на крвниот сад.*

*По објаснувањата, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко - консултативната здравствена заштита***

*и*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи***

*со кои се извршија предложените измени и дополнувања.*

*ТОЧКА 5 - Правилник за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова потсети дека на минатата седница Управниот одбор беше запознаен со работата на изготвување на нов правилник за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала. Тогаш Управниот одбор побара комисијата која работи на правилникот да се насочи кон зајакнување на контролните механизми а да не се засега во правата на осигурените лица. Врз таа основа текстот на правилникот е финализиран и се предлага за усвојување од Управниот одбор.*

*Потоа Виолета Петровска подетално ги објасни новините што ги донесува новиот правилник, по што одговараше на прашањата на членовите на Управниот одбор.*

*На крајот на расправата, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***Правилник***
***за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала***

*ТОЧКА 6 - Информација за реализацијата на месечниот износ на средства на аптеките*

*Во рамките на оваа точка, Управниот одбор ја разгледа и ја усвои Информацијата за реализацијата на месечниот износ на средства на аптеките до месец септември, според која реализацијата е во просек на ниво од 85%.*

*ТОЧКА 7 - Усвојување на индексот по вид и обем за јавните здравствени установи за вториот квартал на годината и донесување на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување буџетски плафони на*

*јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година*

*Во рамките на оваа точка од дневниот ред, Бранислава Катушевска го извести Управниот одбор за остварувањето на видот и обемот на здравствени услуги од јавните здравствени установи во однос на договорениот. Наведе дека врз основа на остварувањето, се предложени измени на буџетските плафони кај одделни установи.*

*По известувањето, Управниот одбор го усвои индексот на остварување на видот и обемот на здравствени услуги и едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година***

*ТОЧКА 8 - Предлог за изменување на одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надометок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на лабораториските испитувања во специјалистичко – консултативната здравствена заштита за четвртиот квартал на 2010 година*

*Бранислава Катушевска објасни дека измената се однесува на една здравствена установа – еден правен субјект за која надоместокот треба да се утврди заеднички, односно не само за организационата единица во Скопје како што е во моментов, туку и за организационите единици во Тетово и Битола.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување на одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на лабораториските испитувања во специјалистичко - консултативната здравствена заштита за четвртиот квартал на 2010 година***

*со која се изврши предложената измена.*

*ТОЧКА 9 - Предлог за изменување на одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Клиничка болница Систина од Скопје за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија*

*Бранислава Катушевска објасни дека се предлага висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Клиничка болница Систина од Скопје за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија за периодот јуни – декември 2010 година кој е утврден во износ од 70.372.482 денари со одлука од 07.06.2010 година, да се коригира и истиот да изнесува 82.439.784 денари. Ова поради зголемениот вид и обем на услуги кој не беше предвиден со првично утврдениот надоместок. Специјалната болница по хируршки болести Филип II својот буџет за 2010 година го искористи заклучно со октомври, поради што пациентите беа пренасочувани во Клиничка болница Систина што доведе до зголемен обем на работа. За таа цел, потребно е да се изврши измена и на договорот со здравствената установа со анекс.*
*Управниот одбор го прифати објаснувањето, по што едногласно ги донесе предложените*

**Одлука**
**за изменување на одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Клиничка болница Систина од Скопје за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија за периодот јуни - декември 2010 година**

*и*

**Одлука**
**за утврдување на формата и содржината на анексот на договорот за извршување и плаќање здравствени услуги во болничката здравствена заштита од областа на кардиоваскуларната хирургија на осигурени лица на Фондот за здравствено осигурување на Македонија**

*ТОЧКА 10 - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар*

*Јасмина Смилевска објасни дека со цел да се изедначи висината и начинот на пресметување на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствени услуги по упат на избран лекар (ЛУ-1), се предлага измена во Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативна здравствена заштита по упат на избран лекар, заради додавање како посебен статус две нови услуги: Ензимски статус. Реден бр. 1.АСАТ (ГОТ); 2. алат ( ГПТ) и Електролитен статус,, реден бр. Анализа 1. Серумско железо.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар***

*ТОЧКА 11 - Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
*Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се додаваат пет нови позиции, една позиција се брише и се вршат измени кај една позиција во Планот за јавни набавки во 2010 година.*

*ТОЧКА 12 - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*

*Објаснување по оваа точка даде директорката Парнарџиева – Змејкова. Наведе дека како една од мерките за спречување на пандемијата од „свинскиот грип“, со Правилникот за изменување и дополнување на правилникот Правилниот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување (“Службен весник на Република Македонија“ бр.9/2010 ), беше овозможено лекови на рецепт од Листата на лекови во примарната здравствена заштита да можат да препишуваат и дежурните лекари од дежурните служби. Овие одредби беа од привремен карактер и се продолжуваа перманентно на секои 3 месеци заклучно со 31.12.2010. Сега се предлага овие примента на овие одредби да се продолжи до 31.12.2011 година.*

*Со Правилникот за изменување и дополнување на правилникот Правилниот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување (“Службен весник на Република Македонија“ бр.81 /2010 ), беа пропишани нови обрасци на барањата за надоместок на плата во случај на болест, повреда и нега на член на семејство, како и на барањето за надоместок на плата во случај на бременост и раѓање. Притоа Алинеите 1 и 6 од обрасците на барањата (Копија од М1/М2-пријава и договор за работа во копија, ако од пријавата М1/М2 не може да се утврди видот на работниот однос- работен однос на неодредено или одредено време, а за управител решение од Централен регистар и платни списоци - исплатни листи на увид, со копија од декларацијата од УЈП и извод за исплатена плата), според одредбите на тој правилник требаше да се применуваат до 31.12.2010*

*година. Предлагаме наместо до таа дата, овие одредби да се применуваат се до моментот кога целосно ќе профункционира електронската комуникација помеѓу Фондот и Управта за јавни приходи.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување***

*ТОЧКА 13 - Презентација за воведување на терцијар во купувањето на здравствени услуги*

*Во рамките на оваа точка, Бранислава Катушевска на Управниот одбор му го презентираше новиот концепт на Фондот на плаќање во терцијарната здравствена заштита. Објасни дека по извршените истражувања и споредби со земјите во регионот, се дошло до сознание дека најдобро решение за определување на терцијарот во Република Македонија е преку пресметување на 10% на остварените ДСГ услуги во клиниките, и додавање на така пресметаниот износ на нивните определени надоместоци. Наведе и дека за примена на овој концепт ќе треба да се извршат измени во Одлуката за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од превентивна и итна медицинска помош, специјалистичко – консултативна здравствена заштита и болничка здравствена заштита и во Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита. Тие измени ќе бидат подготвени за следната седница на Управниот одбор.*

*ТОЧКА 14 - Одлука за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Страшо Наумоски објасни дека е потребно да се промени режимот на издавање на лековите Carvedilol, Olanzapine и Sulfasalazine со што би се надминале проблемите со кои се соочуваат матичните лекари односно трошоците на кои се изложени.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се извршија предложените измени.*

*ТОЧКА 15 - Разно*

*Бидејќи немаше предлози за разгледување под точката разно, по донесувањето на одлуката од точка 14, Управниот одбор во 16.20 часот заврши со работата на XCI -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Елена Трпковска***